# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 01, година LV**
**Среда, 31.01.2024**
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум

Се објавува Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/1
31.01.2024 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ'' бр.5/2002), член 70 од Статутот на Оптина Битола( Службен гласник на Општина Битола бр. 10/05) и член 7а од Законот платен промет („Службен весник на РМ"32/1, 50/01, 52/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Општина Битола, на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

### ОДЛУКА
### за определување на висината на благајничкиот максимум

**Член 1**

Со оваа одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари.

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 100.000,00 денари

Висината на благајничкиот максимум на готови пари-девизни средства кој може да се држи во касата изнесува до

- 3.000 евра од програма АО
- 3.000 евра од програма ЕО
- 3.000 евра од програма ДО

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајна изнесува 200.000 денари.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000 денари.

**Член 4**

Условите и начинот на наплата како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-5/3
26.01.2024 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,

17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

Се објавува Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/2
31.01.2024 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“бр.79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

### О Д Л У К А
### за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

**Член 1**

Се продолжува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци воспоставена со:

Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-24/12 од 13.03.2018 година и склучен Договор бр. 08-52/8 од 17.04.2018 година , Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-03/16 од 29.01.2019 година и Анекс договорот бр. 08-86/4 од 07.02.2019 година,

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-163/24 од 15.11.2019 година и Анекс договорот бр. 08- 1091/4 од 30.12.2019 година ,

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-161/23 од 25.12.2020 година и Анекс договорот бр. 08-1177/2 од 31.12.2020 година,

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-156/41 од 27.12.2021 година и Анекс договорот бр. 08- 1057/4 од 17.01.2022 година и

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-200/45 од 27.12.2022 година и Анекс договорот бр. 08- 1393/4-2022 од 06.02.2023 година -

заклучно со 31.12.2024 година

**Член 2**

За продолжувањето на востановената меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука двете општини ќе склучат меѓусебен договор.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/4
26.01.2024 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила

Се објавува Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила, донесена на седницата на Советот на

Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија„ бр. 79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила

**Член 1**

Се продолжува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила воспоставена со:

Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-24/11 од 13.03.2018 година и склучен Договор бр. 08-51/8 од 02.04.2018 година , Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-03/15 од 29.01.2019 година и Анекс Договор бр.08- 87/4 од 07.02.2019 година, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-163/25 од 15.11.2019 година и Анекс Договор бр.08-1092/4 од 30.12.2019 година,

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-161/22 од 25.12.2020 година и Анекс Договор бр.08-1178/2 од 31.12.2020 година,

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-156/40 од 27.12.2021 година и Анекс Договор бр.08-1058/4 од 17.01.2022 година, заклучно со 31.12.2023 година и

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-200/46 од 27.12.2022 година и Анекс Договор бр.08-1392/4-2022 од 06.02.2023 година, заклучно со 31.12.2024 година

**Член 2**

За продолжувањето на востановената меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука двете општини ќе склучат меѓусебен договор.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-5/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2024 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

Се објавува Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2024 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), Член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и 151/2021), член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12, 17/2013, 21/13 и 142/14), Одлуките за определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Битола, бр.07-478/18 од 16.03.2010 година и бр.07-390/25 од 28.02.2011 година, како и член 16 и 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2024 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола .

### Член 2

Градежно земјиште е земјиште планирано со актите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и истото може да биде градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и градежно земјиште во општа употреба.

Градежно неизградено земјиште е земјиштето опфатено со границите на градежната парцела во рамки на која не се изградени објекти од траен карактер кои се запишани во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Градежно изградено земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежно земјиште за општа употреба е непарцелирано градежно земјиште кое служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини за општа употреба, кое се наоѓа вон рамките на градежните парцели и врз кои не е планирано/утврдено право на градење.

### Член 3

Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

I. Во град Битола

<u>Градежно неизградено земјиште</u>

- 4-та и 5-та зона: 5.500 – 6.500 ден/м2 во зависност од урбанистичките услови на конкретната локација
- 6-та зона: 4.000 - 5.000 ден/м2 во зависност од урбанистичките услови на конкретната локација
- 7-ма зона: 3.000 - 3.500 ден/м2 во зависност од урбанистичките услови на конкретната локација
- 8-ма зона: 2.500 - 3.000 ден/м2 во зависност од урбанистичките услови на конкретната локација
- 9-та зона: 1.500 - 2.000 ден/м2 во зависност од урбанистичките услови на конкретната локација
- 10-та и 11-та зона: 1.200 ден/м2

<u>Градежно изградено земјиште</u>

- 4-та зона и 5-та зона: 3.000 ден/м2
- 6-та зона: 2.000 ден/м2
- 7-ма зона: 1.500 ден/м2
- 8-ма зона: 1.200 ден/м2
- 9-та зона 1.000 ден/м2
- 10-та и 11-та зона: 800 ден/м2

<u>Градежно земјиште во општа употреба</u>

- 4-та зона и 5-та зона: 3.000 ден/м2
- 6-та зона: 2.000 ден/м2
- 7-ма зона: 1.500 ден/м2
- 8-ма зона: 1.200 ден/м2
- 9-та зона: 1.000 ден/м2
- 10-та и 11-та зона: 800 ден/м2

II. Просечна цена за метар квадратен метар на градежното земјиште во селата на подрачјето на Општина Битола се движи:

1. Лавци, Брусник, Буково, Дихово, Трново, Магарево, и Нижеполе

Градежно изградено земјиште – 600 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 600 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 1.200 ден/м2

2. Братиндол, Бистрица, Логоварди, Долно Оризари, Кукуречани, Кравари

Градежно изградено земјиште – 500 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 500 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 1.000 ден/м2

3. Ротино, Крклино, Раштани, Крстоар и Олевени
Градежно изградено земјиште – 400 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 400 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 800 ден/м2

4. Ѓавато, Кажани, Маловишта, Цапари, Канино, Барешани, Породин, Жабени, Карамани, Оптичари, Поешево, Драгарино, Црнобуки, Драгожани и Ново Змирнево
Градежно изградено земјиште – 300 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 300 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 600 ден/м2

5. Рамна, Лера, Горно Српци, Доленци, Трн, Велушина, Лисолај, Егри, Лопатица и Меџитлија
Градежно изградено земјиште – 200 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 200 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 400 ден/м2

6. Кременица, Лажец, Граешница, Драгош, Кишава, Острец, Секирани, Габалавци и Горно Ореово
Градежно изградено земјиште – 200 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 200 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 200 ден/м2

7. Свињишта, Снегово, Старо Змирнево, Црнеец, Стрежево, Метимир, Облаково, Злокуќани, Древеник и Гопеш
Градежно изградено земјиште – 100 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 100 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 100 ден/м2

**Член 4**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2024 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

Се објавува Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2024 година

утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), Член 5 од Законот за даноците на имот ( „Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и 151/2021), член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12, 17/2013, 21/13 и 142/14), и член 16 и 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2024 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини .

### Член 2

Почетната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Клса 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Барешани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Бистрица | 105,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Битола | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Братин дол | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Брусник | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Буково | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Велушина | 60,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Габалавци | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| | | | | | | | | |
| КО Горно Оризари | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Горно Српци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Орехово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Гопеш | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Градешница | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Дихово | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Доленци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Долно Оризари | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгош | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгарино | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Драгожани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Древени | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ѓавато | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Егри | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Жабјани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Злокуќани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Карамани | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Кажани | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Канино | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кишава | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Крклино | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Крстоар | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кременица | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кравари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кукуречани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Лавци | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лажец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Лера | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Лисолај | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Логоварди | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лопатица | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Магарево | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Маловиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Метимир | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Нижеполе | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Облаково | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Олевени | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Оптичари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Острец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Поешево | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Породин | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Рамна | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Раштани | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Ротино | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Свињиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Секирани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Снегово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ст.Змирнево | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Стрежево | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Трново | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Трн | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Цапари | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Црнеец | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Црно Буки | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 998 земја | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 999 Земја | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

**Член 3**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за изведување на градба - поставување на биста на прввоборец Пецо Гудовски

Се објавува Одлуката за изведување на градба – поставување на биста на прввоборец Пецо Гудовски, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 70 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола”

бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), член 6 став 1 алинеја 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите, односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/18), член 7 став 1, член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.Весник на Реоублика Македонија бр.47/06...153/15), а во согласност со Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет одини во општината Битола (2023-2028) бр.09-96/12 од 23.08.2023 г. ("Службен гласник на Општина Битола" бр.12/23), Советот на општина Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за изведување на градба - поставување на биста на првоборец Пецо Гудовски

**Член 1**

Се одобрува поставување на спомен биста на првоборец Пецо Гудовски од страна на Сојуз на борци од НОАВМ 1941-1945 година и граѓаните продолжувачи – Општински одбор – Битола.

**Член 2**

Местоположбата на поставување на спомен биста на првоборец Пецо Гудовски е во алеата на спомениците во градски парк Битола на КП бр.17573/1 КО Битола ½ согласно микролокациските услови за поставување на биста на првоборец Пецо Гудовски на локација КП бр.17573/1 КО Битола ½ кои се состојат од текстуален дел (површина и висина) и графички дел (приказ на постоечка и планирана состојба) и се прилог на одлуката.

**Член 3**

Изработката на основен проект за поставување на биста, изведување на градбата и поставување на првоборец Пецо Гудовски се донација од Сојуз на борци на НОАВМ 1941-1945 година и граѓаните продолжувачи – Општински одбор – Битола.

Се овластува Градоначалникот на општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на истата.

**Член 4**

Одлука влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-5/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за искористување на средствата од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост до и во нивниот дом

Се објавува Заклучокот за усвојување на Правилникот за искористување на средствата од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост до и во нивниот дом, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.01.2024 год., донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Правилникот за искористување на средствата од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост до и во нивниот дом

1. СЕ УСВОЈУВА Правилникот за искористување на средствата од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост до и во нивниот дом.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-5/9
26.01.2024 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за усвојување на планирани активности во 2024 година од ОЈУ Зоолошка градина Битола

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за усвојување на планирани активности во 2024 година од ОЈУ Зоолошка градина Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/8
31.01.2024 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за усвојување на планирани активности во 2024 година од ОЈУ Зоолошка градина Битола

1.СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за усвојување на планирани активности во 2024 година од ОЈУ Зоолошка градина Битола, бр.02-01/3 од 09.01.2024 година.

2. Решението влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-5/10
26.01.2024 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на претставник од редот на родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Мајски Цвет"Битола

Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник од редот на родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Мајски Цвет"Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/9
31.01.2024 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 130 став 4 алинеа 3 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ" бр. 23/13...27/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола (,,Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,

17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на претставник од редот на родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Мајски Цвет“ Битола**

1. СЕ РАЗРЕШУВА лицето Менде Лазаров, од претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајки Цвет“ Битола,

2. СЕ ИМЕНУВА лицето Ивона Шушак Лозановска, за претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Мајски Цвет“ Б итола.

3. Решението влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управен одбор на Отворениот граѓански Универзитет за доживотно учење „Крсте Мисирков“Битола**

Се објавува Решението за разрешување и именување член во Управен одбор на Отворениот граѓански Универзитет за доживотно учење „Крсте Мисирков“ Битола, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/55 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Сл.Весник на РМ“ бр.36/11, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член во Управен одбор на Отворениот граѓански Универзитет за доживотно учење „Крсте Мисирков“Битола**

1. Од Управниот одбор на Отворениот граѓански Универзитет за доживотно учење „Крсте Мисирков“Битола се разрешува:
- Тања Судевска

СЕ ИМЕНУВА:
**- Марко Стојовски, Технички факултет, електро, од Битола, ул. „Индустриска“ бр. 61Б.**

2. Решението влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар**

Се објавува Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина

Битола и Општина Демир Хисар, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ” бр.79/09) и член член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на општина Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар од Општина Битола се именуваат:

- Изабела Аговска Ѓоревска – советник за електронско следење на договори
- Жанета Ангелевска – помлад соработник за патен сообраќај

2. Решението влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани (КП бр.431 и КП бр.899/1) во идна урбанистичко планска документација

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Раштани (КП бр.431 и КП бр.899/1)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ” бр.23/11...174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ” бр.56/11...217/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024год., ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани (КП бр.431 и КП бр.899/1) во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-1085/2018**, КП бр.431 и КП бр.899/1 КО Раштани** згр.бр.1 (А1-1) и згр.бр.2 (А1-1) (**Ралевски Менде**)

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе (КП бр.525) во идна урбанистичко планска документација

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Нижеполе (КП бр.525)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ” бр.23/11...174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ” бр.56/11...217/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024год., ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе (КП бр.525) во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-922/2018**, КП бр.525 КО Нижеполе** згр.бр.1 (А1-1) (**Борис Поповски**)

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.1282/3) во идна урбанистичко планска документација

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во

**КО Крклино (КП бр.1282/3)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ” бр.23/11...174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ” бр.56/11...217/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024год., ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.1282/3) во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-1139/2018**, КП бр.1282/3 КО Крклино** згр.бр.1 (А1-1) (**Борис Стојковски и Љупче Стојковски**)

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.1511) во идна урбанистичко планска документација

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Крклино (КП бр.1511)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ” бр.23/11...174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ” бр.56/11...217/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024год., ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.1511) во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-1520/2016**, КП бр.1511 КО Крклино** згр.бр.1 (А1-1) (**Дамчевски Методија**)

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.201) во идна урбанистичко планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Крклино (КП бр.201)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2024 год. на Општина Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ” бр.23/11...174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ” бр.56/11...217/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 26.01.2024год., ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.201) во идна урбанистичко планска документација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-44/2018**, КП бр.201 КО Крклино** згр.бр.1 (А1-1) (**Владо Пачовски**)

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-5/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.01.2024 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кравари (КП бр.417/5) во идна урбанистичко планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Кравари (КП бр.417/5)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на ден 26.01.2024 година.

Бр. 08-114/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
